**З А П И С Н И К**
**од 32-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 24.01.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.
Во работата на седницата на совет учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска беа присутни во салата и советничката Сандра Пејковска учествуваше со употреба на комуникациски средства.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Игор Дамјановски, Влатко Станковски, Сузана Цуцуловска и Марина Поповска. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар Гоце Мицковски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На почетокот на седницата во салата имаше присутни шест советници, претседателот на Советот Љупчо Најдовски констатира присуство од шест советници и тоа Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Јордан Кромидаровски, Јасмина Јовановска, Марина Димитријовска, Сашо Михајловски и Даниела Давидевска исполнети се условите за работа ја отвори седницата, се пристапи кон расправа по записниците од предхоните седници.

-Усвојување на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар оддржана на 19.12.2023 година
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 6 „за" против и воздржани немаше.
-Усвојување на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар оддржана на 21.12.2023 година
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 6 „за" против и воздржани немаше.
-Усвојување на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар оддржана на 21.12.2023 година
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 6 „за" против и воздржани немаше.
-Усвојување на записник од 30 та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 6 „за" против и воздржани немаше.
-Усвојување на записник од 31 ва седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 6 „за" против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Могила.
2. Донесување на Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година.
3. Усвојување на Годишна Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2024 година.
4. Усвојување на извештај за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2023 година.

5. Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2023 година.
6. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи точките 7. Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и 8. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Надзорен одбор во ЈКП „Комунелец" Демир Хисар да се одложат. Советникот Сашо Михајловски предложи точката 1. Донесување на Буџет на општина Демир Хисар за 2024 година да се одложи и да се планира седница на совет за 10 февруари кога ќе се расправа за Буџетот. За предлозите гласаа 6 „за" против и воздржани немаше. Бидејќи беше одложена точката за донесување на буџетот за 2024 годиа се одложија и точките 2. Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година и точка 3. Донесување на Одлука за благајнички максимум на општина Демир Хисар за 2024 година кои се поврзани со точки на буџетот. Со 6 „за" беше усвоен дневниот ред со измените.
Во салата пристигнаа уште четворица советници и тоа Аце Јанкуловски, Филип Ангелевски, Валентин Несторoски и Магдалена Вељановска при тоа го информираа претседателот на Советот Љупчо Најдовски дека советничката Сандра Пејковска на седницата ќе учествува со употреба на комуникациски средства согласно одлуката, со образложение дека се наоѓа во болница заради неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување. Советниците едногласно прифатија советничката Сандра Пејковска да учествува во работата на седницата во советот со употреба на комуникациски средства. Бидејќи немаше предходни потготовки се користеше телефон.

***ТОЧКА 1. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Могила***

За Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Могила објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Советничката Марина Димитријовска праша дали со оваа одлука се завршува постапката. Претставникот Трајковска објасни да потоа следува договор. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седницаЗа донесување на Одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 2. Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Сузана Цуцуловска. Советничката Марина Димитријовска праша дали има измени во програмата во споредба со предходната година. Претставникот Цуцуловска објасни постапено е по забелешките од Агенцијата за храна и ветеринарство, и тоа враќање на заловените кучиња на реонот на нивното заловување и обележување со ушна маркица во боја која се користи во тековната година, како и сите податоци за активностите да се внесат и редовно да се ажурираат во системот. И за 2024 година планирани се 400.000 денари или околу 60 заловувања споредено со предходна година, кога ќе се објави тендер ќе се знае. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седницаЗа донесување на Одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 3. Годишна Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2024 година***

Годишната Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2024 година беше усвоена од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со програмата излагање имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше, но од страна на советникот Сашо Михајловски беше предложено да се растури песок на влезот во детската градинка, бидејќи има многу мраз и тешко е за движење. Директорот Мицковски зеде обврска дека ќе се постапи по предлогот. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За усвојување на програмата гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 4. Извештај за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2023 година***

Во врска со Извештај за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2023 година советничката Марина Димитријовска предложи на наредна седница да има извештај до каде е реализацијата на одлуките кои ги има донесено советот. Со предлогот се согласи и претседателот на Совет Љупчо Најдовски. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За усвојување на извештајот со предлогот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2023 година***

Во врска со Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Од советниците никој не се јави за дискусија. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

Претставникот Игор Дамјановски ги информира советниците од сумираните релевантни податоци од посебните Извештаи за мониторинг на имплементацијата на системот на интегритет, конкретно на единиците на локалната самоуправа, Општина Демир Хисар ја зазема челната позиција, односно првото место според ранг – листата од 81 Општина. Општината Демир Хисар има добри резултати последните десет години, тоа е голем успех сите треба да сме горди. Нивото на примена на системот на интегритет од страна на мониторираните единици на локалната самоуправа се пресметува низ релативен показател – процент на исполнетост на сите предвидени обврски, општина Демир Хисар има 98,5 %. Советниците упатија пофалба за постигнатите резултати на општината.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Советникот Сашо Михајловски имаше забелешка за точките кои се однесуваа на разрешување и именување на член во управен и надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар неколку седници овие точки се ставаат на дневен ред па се повлекуваат потоа праша има некој проблем околу изборот. Носиме програма за работа со милион денари загуба, телата на управување функционираат на минимум членови еден да не дојде неможи да се оддржи седница. Тоа е, ни тежи долгот си расти ние си гласаме, нема никаков предлог за излез од оваа ситуација, 2024 година е започнаа со планирана загуба. Советникот Аце Јанкуловски додаде образложението за ваквата состојба е растот на платите, зголемена цена на електричната енергија, а цените на услугите исти. Советникот Сашо Михајловски предложи да се најде некое решение да се прошири дејноста. Исто така предложи на влезот кај детската градинка да се растури песок, заради безбедност на дечињата многу е лоша состојбата подмрзнато е.

Советничката Марина Димитријовска додаде ние како совет се што можиме ќе подржиме да се најде решение.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа дискусиите се на место, ние како совет не правиме сопки, прашањата предлозите можеби се критички, но се на место. Со јавното претпријатие менаџира директорот, кој е поставен од градоначалникот, кога јас бев градоначалник му давав работа

на комуналното претпријатие така се помага, и треба да се вработуваат работници не администрација. За проблемот со управниот одбор нема усогласување за имињата, затоа се ставаат точките и се повлекуваат. Членовите кои се предложени од мене кога се менуваат треба јас да ги предложам и новите членови. Што се однесува за буџетот го разгледав, програмите се донесени тука нема што да се менува, но во програмите од градоначалник, совет, администрација можи да се направи измени. Во насока на тоа има некои предлози кои смета дека треба да се дадат кога ќе се расправа за буџетот и ќе предложи да се планираат средства за една улица во Мренога и една во Журче, тоа би чинело околу 2-3 милиони. Да се намалат непродуктивните трошоци и да се насочат средствата кон изградба на инфраструктура. Предходно имаше излагање за пофалба на општината за интегритет, тоа е во ред, но забелешка има на тоа што две години постојано прашувам за проект кој требаше да е изготвен, а има обезбедно средства, но кога и да прашам постојано ми велат ќе биди, а поминаа две години, тоа не е добро. Сите предлози за буџетот ќе бидат разгледани тие што се издржани ќе се прифатат, да го донесиме буџетот.
Дискусија повеќе немаше.
Дневниот ред беше исцрпен, претседател0от на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 150/2
08.02.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.